**ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ - УЧЕБНИК KID'S BOX 1**

**Тема: Unit 1 Hello! ( 8 часа )** **Време за реализација: септември 2025**

| | |
|---|---|
| Изготвиле: | од ОУ: |
| Адаптирале: | од ОУ: |

| СОДРЖИНИ (И ПОИМИ) | СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ | ЧАСОВИ | АКТИВНОСТИ | СРЕДСТВА | СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јазични функции:**<br><br>**ПОЗДРАВУВАЊЕ /ЗБОГУВАЊЕ (НЕФОРМАЛНО)**<br>Hi!<br>Hello! Bye bye! | Учествува во кус дијалог преку соодветно возвраќање (надоврзување) на неформални поздрави (под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците). | 1/1 | До крајот на часот, **учениците** ќе можат да поставуваат и одговараат на прашања за името (***What's your name? I'm …***) и да ги именуваат играчките ликови од Kid's Box.<br><br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>**Наставникот ги покажува флеш-картичките и го кажува зборот**. Учениците повторуваат. Ги закачува картичките на таблата и ги повикува учениците да ги именуваат. Ги изговара на различни начини (гласно, тивко итн.), а учениците повторуваат. Потоа покажува на Монти и вели: „**Monty's a mouse. Mouse. Eek, eek!**" (имитира звук на глушец). Учениците го повторуваат зборот *mouse* и звукот. | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од наставник/соученици)<br>Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Јазични функции**:<br><br>**ПРЕТСТАВУВАЊЕ СЕБЕСИ:**<br>I'm Marija. / Who is this? / This is Arben. | Го кажува своето име и прашува кое е другото лице | 1/2 | До крајот на часот, **учениците** ќе вежбаат претставување и ќе умеат да ги разберат и употребуваат броевите од 1 до 3.<br><br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>**Наставникот ги прегледува имињата на ликовите со флеш-картички.** Покажува картичка, покривајќи половина со празно парче картон (на пр. ја покажува Мари од половина надолу).<br>Прашува: „**Maskman? Marie? Monty?**"**Учениците погодуваат кој лик е прикажан.** | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од наставник/соученици)<br>Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јазични функции:**<br><br>**БРОЕЊЕ ДО 10:**<br>one, two, three… | Ги идентификува и разликува броевите од 1 до 10 по кус слушнат исказ. | 1/3 | Учениците прашуваат и одговараат за возраста.<br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>**Наставникот ги прикачува флеш-картичките со броевите 4, 5 и 6 покрај 1, 2 и 3.**<br>Проверува дали некои од учениците веќе знаат да ги изговорат овие броеви на англиски.<br>Го кажува секој број поединечно, **учениците повторуваат**. | Учебник, наставнички прирачник,табла флoмастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/флoмастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Јазични функции:**<br><br>**БРОЕЊЕ ДО 10:**<br>one, two, three… | Невербално одговара на поставена слушната задача поврзана со броеви од<br>1 до 10. | 1/4 | До крајот на часот, **учениците** ќе вежбаат броеви од 1 до 6 и ќе умеат да поставуваат и одговараат прашања за возраст.<br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>**Наставникот ги насочува учениците кон сликите со роденденски торти (стр.7/101).**Гледајќи ја сликата, вели: **“Happy …?”**, за да провери дали некој ученик го знае изразот **“Happy birthday”** или може да ја отпее песната (види *Extension activity*).Покажува на свеќичките на првата торта во слика 1 и прашува:**“Two candles?Three candles?”Учениците одговараат:** „Three.“**Наставникот ја повторува активноста со останатите торти** | Учебник, наставнички прирачник,табла флoмастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/флoмастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| Граматички структури:<br><br>**ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ**<br><br>I, you; | Ги употребува личните заменки I и You кога се претставува себеси и при претставување на членовите од семејството. | 1/5 | **ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>**Наставникот пушта видео. Учениците слушаат и ја изведуваат приказната.**<br>• Покажувајќи ја страница 8 вели: **„Look at the pictures.“**<br>Ги покажува ликовите и прашува: **„Who’s this?“**<br>**Учениците ги кажуваат имињата.**<br>Наставникот им кажува дека ќе гледаат **видео од приказната.** | Учебник, наставнички прирачник,табла флoмастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/флoмастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Граматички структури:** | Одговара на едноставни прашања поврзани со | 1/6 | **До крајот на часот, учениците ќе вежбаат јазичните изрази од приказната.**<br><br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ** | Учебник, наставнички прирачник,табла флoмастери или креда. Проектор или | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПОКАЗНИ ЗАМЕНКИ<br><br>This is...; | лично претставување. | | **Игра и цртање.Наставникот ги насочува учениците кон сликите и вели:„Let's play the story game.“**<br>Му дава големо коцкасто игралче на едно ученичe и прашува:**„How old are you?“Ученикот фрла коцката и вели:„I'm (one).”Наставникот црта празна страна од коцка на таблата и го замолува ученикот да ги нацрта точките.**Потоа, **целото одделение хорски ја вежба прашалната и одговорната реченица.** | интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Граматички структури:**<br><br>PRESENT SIMPLE TENSE OF TO BE<br><br>I am / You are; | Ги употребува личните заменки I и You кога се претставува себеси и при претставување на членовите од семејството. | 1/7 | До крајот на часот, учениците ќе повторат јазични изрази од единицата преку активности за слушање и зборување.<br><br>ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ<br>**Наставникот ги дели учениците во групи по четворица.**Бара од еден ученик да кажува реченици со **Present Simple tense of TO BE: I am / You are**,додека останатите слушаат внимателно и прават договорено движење со рака кога ќе го слушнат **am** или **are**.**Ги менува улогите во групите** за секој ученик да има можност да зборува и да слуша. | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час. Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Граматички структури:**<br><br>PRESENT SIMPLE TENSE OF TO BE<br><br>I am / You are | Правилно ги применува граматичките структури при претставување и искажување поседување | 1/8 | ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ<br>**Активност за слушање (пред лепење на стикери):**Наставникот им кажува на учениците да земат молив. Вели: **„Listen and write the numbers.“**Го пушта аудиото.**Учениците слушаат и ги запишуваат годините со молив во балончињата во своите книги.**По слушањето, наставникот ги проверува одговорите на табла.**Потоа учениците повторно слушаат и ги лепат стикерите** | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час. Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| Оценување на наученото | | | ***Усни/писмени одговори - 70%*** | ***Изведбени активности - 20%*** | ***Дискусија - 10%*** |



resursi.literatura.mk